Општина Штип
Број 08-6871/5
19.11.2012 година
Ш т и п

# З А П И С Н И К

Од конститутивната седница на Економскиот совет на Општина Штип, одржана на ден **19 ноември 2012 година** , со почеток во **11.00 часот**.

На седницата присуствуваа Градоначалникот на Општина Штип, д-р Зоран Алексов- претседател на Економскиот совет, членовите на Еконосмскиот совет (со најавено отсуство на еден член- Љупчо Манџуков), претседателот на Советот на Општината Штип, Сузана Николовска, раководителот на одделение за поддршака на Градоначалникот на Општината Штип, Снежана Санева, раководителот на Сектор за јавни служби и локален економски развој Ване Маневски и записничар Маријана Трајкова.

Со седницата раководеше градоначалникот д-р Зоран Алексов, претседател на Економскиот совет на Општина Штип.

Членовите на Економскиот совет еднogласно **(12-за)** го усвоија следниот:

## Д н е в е н р е д

1. Предлог - деловник за работата на Економскиот совет на Општина Штип;
2. Презентирање на Главните проекти на Општина Штип 2013-2017 од страна на Градоначалникот на Општина Штип;
3. Тековни активности;

Седница ја отвори Градоначалникот на Општина Штип д-р Зоран во својство на претседател на ЕС, поздравувајчи ги присутните како и интересот за основање на Економскиот совет на Општина Штип. Понатаму, дава едно свое видување за формирањето на ЕС на Општина Штип односно пред присутните ја преточи идеата за формирањњто на истиот. Претседателот ги запозна присутните дека Општина Штип исто така води постапка за осовање на Локален економско-социјален совет при што

прави дистинкција меѓу двата совета истакнувајќи ја потребата од искусни бизнисмени кои знаат како се води бинис и како се води стопанството во градот.

**Точка 1 од дневниот ред –** Предлог- деловник за работата на Економскиот совет на Општина Штип. Воведно образложение даде **градоначалникот д-р Зоран Алексов** и отвори претрес по истата.

Се отвара дискусија по член 8 од предлог-деловниот за работа на ЕС.

Членовите на Економскиот совет едногласно **(12-за)** го прифатија предлог-деловниот за работа на ЕС на Општина Штип и истиот во предложениот текст се усвои со:

**Измена и дополнување на член 8** кој гласи:

"Поканата за седницата, заедно со работните материјали на Економскиот совет на Општина Штип мора да се достават по пошта најдоцна 7 дена, по електронски пат најдоцна 2 дена пред денот одреден за одржување на седницата, а во итни случаи веднаш и без покана".

**Точка 2 од дневниот ред –** Презентирање на Главните проекти на Општина Штип 2013-2017. Воведно образложение даде Градоначалникот на Општина Штип **д-р Зоран Алексов** и ги презентираше следниве предлог- проекти:

1. Предлог-проект ,,Каскади на р.Брегалница" со следново образложение: проектот предвидува изградба на мини брани долж коритото на р.Брегалница, со цел смирување на водите, облагородување на просторрот како и низа содржини во функција на граѓаните како: шеталишта, градска плажа и др.Вредност на проектот 2 милиони евра, рок на реализација до 2014 година.
   Отвара дискусија по горенаведениот предлог-проект.
   За збор по првиот предлог-проект никој не се јави.
2. Предлог-проект ,,Стамбено- деловни згради на местото на стариот стадион" со следново образложение по истиот: рализацијата на овој проект е важна од повеќе причини, а најповеќе важна од економски аспект, бидејќи дискокацијата на стариот стадион ќе овозможи добивање на простор за изградба на стамбени и деловни објекти и продажба на истите.
3. Предлог-проект ,,Дискокација на времени објекти од локацијата ,,печурки" и изградба на деловно -стамбена зона со покриен градски пазар". По овој предлог –проект се дава следново образложение: станува збор за површина која времено ја користат

мали трговски дуќани со времени објекти.Истата предвидува изградба на повеќекатница со можност за деловно-трговски објекти и конструкција на покриен градски пазар. Со тоа ќе се направи дислокација на постоечкиот пазар и продажба на истата локација за нов градежен објект.Вредност-приватна инвестиција

Отвара дискусија по горенаведениот предлог –проект, а потоа дава дообјаснување дека стамбени комплекси се градат и ќе се градат на повеќе локации во градот. Наведува дека се има во план изградба на стамбен комплекс на местото на сегашниот градски пазар во висина некаде околку 16 ката.

Во врска со горенаведеното се постави прашање за локацијата на сегашниот пазар на кој претседателот одговори дека истиот се предвидува да се дислоцира и е опишан во предлог- проектот ,,Дискокација на времени објекти од локацијата ,,печурки" и изградба на деловно - стамбена зона со покриен градски пазар".

**Точка 3 од дневниот ред –** Тековни активности, каде им се даде можност на членовите на ЕС слободно дискутираат.

Прв за збор се јави Зоран Митревски, кој најпрво ја поздрави идеата за формирање на овој совет, а потоа истакна дека е воодушевен од Програмата која ги содржи главните проекти на Општина Штип кои ќе се реализираат почнувајќи од 2013 година завршно со 2017 година.Понатаму зборува за брзиот развој на градот посебно акцент ставајќи на тоа дека градот Штип е универзитетски град и истиот треба да биде со развиена патна мрежа која на градот му недостасува.

На ова одговор дава градоначалникот д-р Зоран Алексов, истакнувајќи дека решавањето на сообраќајниот метеж во градот е приоритет и дека за решавање на истиот се изработени повеќе проекти и тоа: издрадба на кружен тек на локација "Дујле", "Поврзување на ул.Вардарска со ул Славчо Стојменски", "завршување на ул.Вардарска", "Уредување на централно градско подрачје " итн. Дел од овие проекти се во тек.

За збор се јави Иле Наков кој најпрво истакна дека делумно е запознат со сега презентираните предлог-проекти од страна на градоначалникот на Општината Штип д-р Зоран Алексов, а потоа дека е заинтересиран за решавањето со проблемот за паркинг просторот во градот, притоа истакнувајќи дека сообраќајниот метеж во градот претставува навистина голем проблем.Понатаму дава свое видување за дел од проектите кои се веќе реализирани во смисла на тоа дека треба да

се мисли на создавање нов концепрт, проширување на градот- нова идеа за создавање односно проширување на градот Штип – ( дава пример зз функционирањето на град Скопје ).

Градоначалникот д-р Зоран Алексов на поговенаведеното дава коментар дека идеата за нов дел од градот е идеја што тој ја поддржува и веќе работи на нејзина реализација во следнава насока- Промена на ДУП за град Штип, со цел создавање на услови за градба на различни локации во градот ( атрактивни и помалку атрактивни ).

Сашо Миладинов се јави за збор поставувајќи го следново прашање: Дали се работи на решавање на проблемот со јавниот превоз во градот? Притоа дава предлог Општината да ги организира превозниците и на еден состанок заеднички да ги договорат условите под кои ќе работат.

На поставеното прашање градоначалникот одговара дека таков заеднички состанок ќе се организира.

Во врска со јавниот превоз за збор се јави Душко Зенделов кој се надоврза на темата во смисла на недостиг на услови за вршење на јавен превоз во градот поради сообраќајниот хаос.

По исцрпената дискуција **по точка 3 од дневниот ред** на гласање се стави Предлог-Заклучот за започнување постапка за воведување на платен паркинг во централното градско подрачје во Општина Штип.

Членовите на Економскиот совет едногласно **(12-за)** го усвоија заклучокот кој гласи:

" Се усвојува предлогот за започнување постапка за воведување на платен паркинг во централното градско подрачје во Општина Штип".

Седницата заврши во 13.30 часот.

Економски совет на Општина Штип
Претседател
Градоначалник на Општина Штип
д-р Зоран Алексов

Записничар
Маријана Трајкова